Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut
**Министерство за култура** | **Ministria e Kulturës**

Врз основа на член 64 став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), Министерството за култура објавува

# КОНКУРС
## за учество во финансирање проекти за манифестацијата „Цртај на македонски јазик“ во 2022 година

### 1. Општи одредби

Со цел да се обезбедат услови за создавање нови форми на културно изразување во кои преку различни медиуми ќе се користи македонскиот јазик, а со кои ќе се осовремени и ќе се раздвижи културната понуда, Министерството за култура, со средства од Буџетот на Република Северна Македонија, ќе ја реализира манифестацијата **„Цртај на македонски јазик“** во 2022 година.

### 2. Право на учество

Целта на манифестацијата е преку различни културни активности да се поттикне создавањето на дела со употреба на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо од страна на млади автори и уметници од независната културна сцена.

Предлог-проектите може да бидат од некоја од областите на уметничкото творештво и задолжително треба да содржат зборови на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како што се: графити, ликовни интервенции во урбан простор, налепници (стикери) за социјални мрежи и канали за комуникација (Вибер, Инстаграм...), самостојни и групни изложби.

Локациите за претставување на проектите може да бидат во установите од областа на културата, но и во други јавни и алтернативни простори, дури и руини, нефункционални објекти или простори кои може да добијат нов современ лик како уметничка сцена.

**Манифестацијата ќе се одвива од 15 јуни до 15 јули.**

Право на учество на Конкурсот имаат физички лица државјани на Република Северна Македонија.

Предност имаат млади автори до 30-годишна возраст кои за првпат конкурираат, мали проекти кои како активност се планирани да се реализираат во наведениот период со користење на македонскиот јазик.

**3. Начин на пријавување и рок за поднесување на пријавите**

Пријавата за Конкурсот е објавена на веб-локацијата на Министерството за култура и е составен дел од Конкурсот.

Пријавата задолжително се презема од веб-локацијата на Министерството за култура (**www.kultura.gov.mk**), се пополнува во електронска форма со впишување податоци на означенето место, се потпишува од овластено лице/физичко лице и се доставува во печатена форма во Министерството за култура.

**Конкурсот ќе трае од 5 мај до 5 јуни 2022 година.**

Пријавата се доставува во Министерството за култура во печатена форма по пошта на адреса: ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје, или во писарницата на Министерството за култура најдоцна до 15:00 часот на последниот ден од Конкурсот.

Нема да бидат разгледувани следниве пријави: доставени по истекот на рокот на Конкурсот; доставени по електронска пошта; пополнети на несоодветен образец; нецелосно пополнети и некомплетни пријави без приложена документација што задолжително се бара.

Материјалите доставени на Конкурсот не се враќаат.

**4. Известување за резултатите од Конкурсот**

Учесниците ќе бидат писмено известени за резултатите од Конкурсот во согласност со Законот за културата. Резултатите од Конкурсот ќе бидат објавени на веб-локацијата на Министерството за култура.

**5. Потпишување договор**

Министерството за култура ќе склучи договор со учесниците чии проекти ќе бидат избрани на Конкурсот.

**6. Дополнителни информации**

Дополнителни информации во врска со Конкурсот може да се добијат во Секторот за дејности од областа на културата и уметноста, кај Марија Ѓоргова на тел. 02/3240 554 и кај Марија Цунова на тел. 02/3240 564, секој работен ден до 16:00 часот.

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА